универзитетски гласник

**Издавач**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Главен и одговорен уредник**

*Марија Маневска*

**Лектор**

*Весна Илиевска Цветановска*

**Техничко уредување**

*Зоран Кордоски*

**Печати**

*Боро Графика*


# СОДРЖИНА


**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ....................3

**Исправка** на анексите 1 и 2 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ....................6

**Правилник** за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (пречистен текст) ....................7

**Анекс 1** Критериуми за избор во звања ........21

**Анекс 2** Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање ....................31

Врз основа на членовите 52, став 1, алинеја 21 и 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08; бр. 103/08; бр. 26/09; бр. 83/09 и бр. 99/09; бр. 115/2010, бр. 17/2011, бр. 51/2011) и во согласност со член 289 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат, на 35. седница одржана на 23.6.2011 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

### ОПШТИ ОДРЕДБИ
### Член 1

Во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138/2009, бр. 140/2009-исправка и бр.173/ 2011-исправка), **Табелите 1, 1а, 2, 2а, 3, 4 и 4а се менуваат и гласат:**

***„Табела 1***

**Минимален број поени за прв избор во наставно-научно звање од наставно-научна област**

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | НИ **** | СА | |
| **Доцент*** | 20 | 20 | 5 | 80 |
| **Вонреден професор**** | 20 | 20 | 5 | 80 |
| **Редовен професор***** | 20 | 20 | 5 | 80 |

* Се вреднуваат сите активности до изборот во звањето доцент.
** Се вреднуваат само активностите по избор во звањето доцент.
*** Се вреднуваат само активностите по избор во звањето вонреден професор.
****За Архитектонскиот факултет, колоната НИ се употребува како НИ+СУ и во неа се акумулираат поените од научноистражувачката и стручно-уметничката дејност во облик признат од струката.“

***Табела 1а***

**Минимален кумулативен број поени за избор во повисоко наставно-научно звање од наставно-научна област[1)]**

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | НИ* | СА | |
| **Доцент** | 20 | 20 | 5 | 80 |
| **Вонреден професор** | 40 | 40 | 10 | 160 |
| **Редовен професор** | 60 | 60 | 15 | 240 |

* За Архитектонскиот факултет, колоната НИ се употребува како НИ+СУ и во неа се акумулираат поените од научноистражувачката и стручно-уметничката дејност во облик признат од струката.

[1)] Критериумите од табелите 1а, 2а и 4а се применуваат во случаи кога на конкурси за избор се пријавуваат кандидати кои претходно биле избрани во наставно-научни, односно научни звања на други универзитети, односно високообразовни установи надвор од рамките на УКИМ.

*Табела 2*

**Минимален број поени за избор во наставно-научно звање од стручно-уметничка област**

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | СУ | СА | |
| **Доцент*** | 0 | 15 | 0 | 40 |
| **Вонреден професор**** | 20 | 15 | 0 | 60 |
| **Редовен професор***** | 20 | 15 | 0 | 60 |

* Се вреднуваат сите активности до изборот во звањето доцент.
** Се вреднуваат само активностите по изборот во звањето доцент.
*** Се вреднуваат само активностите по изборот во звањето вонреден професор.

*Табела 2а*

**Минимален кумулативен број поени за избор во повисоко наставно-научно звање од стручно-уметничка област**[1]

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | СУ | СА | |
| **Доцент** | 0 | 15 | 0 | 40 |
| **Вонреден професор** | 20 | 30 | 0 | 100 |
| **Редовен професор** | 20 | 45 | 0 | 160 |

*Табела 3*

**Минимален број поени за избор во лекторско звање**

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | НИ | СА | |
| **Лектор** | 20 | 10 | 0 | 70 |
| **Виш лектор** | 20 | 20 | 5 | 80 |

*Табела 4*

**Минимален број поени за избор во научно звање**

| Звање | Минимален број поени | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|
| | НИ | СА | |
| **Научен соработник** | 35 | 5 | 80 |
| **Виш научен соработник** | 35 | 5 | 80 |
| **Научен советник** | 35 | 5 | 80 |

*Табела 4а*

**Минимален кумулативен број поени за избор во повисоко научно звање[1]**

| Звање | Минимален број поени | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|
| | НИ | СА | |
| Научен соработник | 35 | 5 | 80 |
| Виш научен соработник | 70 | 10 | 160 |
| Научен советник | 105 | 15 | 240 |

**Член 2**

Во членот 2, став 3 се бришат зборовите „согласно со одредбите од Законот за научноистражувачката дејност."

**Член 3**

Во членот 3, став 2 се бришат зборовите „според Законот за научноистражувачката дејност."

Во членот 3, став 4 се бришат зборовите „според Законот за научно-истражувачката дејност."

**Член 4**

Во членот 7, став 3 се бришат зборовите „според Законот за научно-истражувачката дејност."

**Член 5**

Во членот 16, ставот 3 се менува и гласи:

„Лице избрано во научно звање може да биде избрано во исто или повисоко насловно наставно-научно звање доколку ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање утврдени со овој Правилник. Времето поминато во научно звање се смета за време поминато во насловно звање."

Во членот 16, ставот 4 се менува и гласи:

„Лице избрано во насловно звање може да биде избрано во исто или повисоко наставно-научно, односно научно звање доколку ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање, односно научно звање утврдени со овој Правилник. Времето поминато во насловно звање се смета за време поминато во наставно-научно, односно научно звање."

**Член 6**

Членот 25 се менува и гласи:

„За асистент на Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет може да биде избрано лице кое има завршено академски циклус од втор степен од соодветно научно подрачје или постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените) или специјализација од областа на медицината за клиничките предмети според Законот за здравствената заштита, се служи со еден од странските јазици и покажува способност за научно-наставна, односно научно-стручна дејност."

**Член 7**

По членот 29 се додава нов член 29- а кој гласи:

**„Член 29-а**

Лице избрано во научно звање може да биде избрано во исто или во повисоко наставно-научно звање, доколку ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање утврдени со овој Правилник. Времето поминато во научно звање се смета за време поминато во наставно-научно звање.

**Член 8**

Во членот 30, став 2, по зборовите „и еден мандат како помлад асистент-истражувач" се додаваат зборовите „или работно искуство од три години."

**Член 9**

Во членот 36 зборовите „Класификацијата на научните подрачја, полиња и области според стандардите на ОЕЦД" се заменуваат со зборовите „Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација."

**Член 10**

Во членот 38, став 1 се бришат зборовите „и соработнички звања“ и зборовите „односно соработникот.“

Во ставот 2 се бришат зборовите „или соработничко.“

**Преодни и завршни одредби**

**Член 11**

Започнатите постапки за избор на лица во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања пред стапувањето во сила на овој Правилник ќе завршат според одрдебите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и анексите 1 и 2 (Универзитетски гласник бр. 138/2009, бр. 140/2009-исправка и бр.173/2011-исправка), доколку одредбите од овој Правилник не се поповолни за нив.

Одредбите од членовите 5 и 7 (член 29-а) од овој Правилник се однесуваат и на завршените постапки за избор во наставно-научни, односно научни звња во засметување на времето изминато во насловно, односно научно звање согласно со еквиваленцијата на научните со наставно-научните звања утврдена со закон.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

---

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 21 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08; бр. 103/08; бр. 26/09; бр. 83/09 и бр. 99/09; бр. 115/2010, бр. 17/2011, бр. 51/2011), Универзитетскиот сенат, на 35. седница одржана на 23.6.2011 година, ја дава следнава

# ИСПРАВКА

## на анексите 1 и 2 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот “Sv. Кирил и Методиј“ во Скопје

Поради техничка грешка, во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во Анексот 1, член 1 (Универзитетски гласник бр. 138/2009 и бр. 140/2009-исправка) наместо *соработнички звања* треба да стои *наставно-стручни звања*, а во Анексот 2 се бришат зборовите *и соработничко.*

**Универзитетски сенат**

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

Врз основа на членовите 52 и 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08; бр. 103/08; бр. 26/09; бр. 83/09 и бр. 99/09; бр. 115/2010, бр. 17/2011, бр. 51/2011) и во согласност со член 289 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат, на 35. седница одржана на 23.6.2011 година, утврди

# П Р А В И Л Н И К
## за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
## (пречистен текст)

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Овој Правилник непосредно ќе се применува на факултетите и институтите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Составен дел на овој Правилник е Анексот бр.1 и Анексот бр.2.

**Член 2**

Високообразовната, научноистражувачката и уметничката дејност на факултетите и институтите ја остваруваат лица избрани во наставно-научни звања, научни звања, наставно-стручни и соработнички звања.

Високообразовна дејност може да врши само лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно и соработничко звање за времето за кое е избрано.

По исклучок, високообразовна дејност на студии од прв, втор и трет циклус може да врши и лице избрано во научно, односно соработничко звање, според еквивалентноста на звањата утврдени со Законот за високото образование.

**Член 3**

На факултетите лицата се избираат во наставнонаучните звања: доцент, вонреден професор и редовен професор.

На факултетите можат да се избираат и лица во научни звања: научен соработник, виш научен соработник и научен советник.

На институтите лицата кои вршат високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус се избираат во наставно-научните звања: доцент, вонреден професор и редовен професор.

На институтите лицата кои вршат научноистражувачка дејност се избираат во научни звања: научен соработник, виш научен соработник и научен советник.

**Член 4**

Изборот на доцент, вонреден професор, научен соработник, виш научен соработник, како и изборот во наставно-стручни, наставни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот.

Изборот на редовен професор и научен советник го врши Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот.

**Член 5**

На факултетите можат да се избираат лица и во звањата насловен доцент и насловен вонреден професор, според услови и во постапка утврдени со овој Правилник.

**Член 6**

На факултетите од областа на филолошките науки, односно на факултетите и институтите на кои се изведува настава по јазик, наставно-стручни звања се: лектор и виш лектор.

**Член 7**

Соработниците на факултетите се избираат во звањата: помлад асистент, асистент, помлад лектор и уметнички соработник.

На факултетите на кои се изведуваат студиски програми од уметностите, уметничките соработници се избираат во уметничко-соработнички звања: помлад уметнички соработник и уметнички соработник.

Соработниците на институтите се избираат во звањата: помлад асистент-истражувач и асистент-истражувач.

Соработниците на институтите кои учествуваат во наставно-образовниот процес на студии од втор и трет циклус се избираат во звањата: помлад асистент и асистент.

**Член 8**

На факултетите и институтите можат да се избираат и демонстратори.

Одлука за потреба од демонстратори донесува деканатската, односно институтската управа, по предлог на организациона единица на факултетот, односно институтот.

Врз основа на одлуката од став 2 на овој член, деканот, односно директорот, распишува интерен оглас.

Деканатската, односно институтската управа формира комисија која изготвува реферат за сите пријавени кандидати и го доставува до наставно-научниот, односно научниот совет, кој донесува одлука за избор.

**Член 9**

Изборот во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања се врши според услови и критериуми утврдени со закон, овој Правилник и Анексот бр. 1 на овој Правилник.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

### *Критериуми за избор во наставно-научни звања*

**Член 10**

Резултатите на лицата кои конкурираат за избор во наставно-научни и научни звања се оценуваат во следниве четири области:

- наставно-образовна дејност (НО);
- научноистражувачка дејност(НИ);
- стручно-уметничка дејност (СУ);
- стручно-апликативна дејност (СА).

За секоја од овие области се добива соодветен број поени, дефинирани во Анекс 1 на овој Правилник.

**Член 11**

За **доцент** може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, објавени научни и стручни трудови, постигнувања во примената на истражувачките резултати и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност.

Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето доцент се прикажани во Табелата 1.

**Член 12**

За **вонреден професор** може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, самостојни научни и стручни трудови објавени одделно или во публикации, учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници и кое покажало способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.

Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето вонреден професор се прикажани во Табелата 1.

**Член 13**

За **редовен професор** може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, објавени научни трудови одделно или во научни публикации кои имаат значајно влијание во развојот на науката и практиката, кое раководело со научноистражувачки проект и има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници и кое покажало способност за изведување на сите видови високообразовна дејност.

Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето редовен професор се прикажани во Табелата 1.

*Табела 1*

**Минимален број поени за прв избор**
**во наставно-научно звање од наставно-научна област**

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | НИ **** | СА | |
| Доцент* | 20 | 20 | 5 | 80 |
| Вонреден професор** | 20 | 20 | 5 | 80 |
| Редовен професор*** | 20 | 20 | 5 | 80 |

* Се вреднуваат сите активности до изборот во звањето доцент.
** Се вреднуваат само активностите по избор во звањето доцент.
*** Се вреднуваат само активностите по избор во звањето вонреден професор.
****За Архитектонскиот факултет, колоната НИ се употребува како НИ+СУ и во неа се акумулираат поените од научноистражувачката и стручно-уметничката дејност во облик признат од струката.

*Табела 1а*

**Минимален кумулативен број поени за избор**
**во повисоко наставно-научно звање од наставно-научна област[1)]**

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | НИ* | СА | |
| Доцент | 20 | 20 | 5 | 80 |
| Вонреден професор | 40 | 40 | 10 | 160 |
| Редовен професор | 60 | 60 | 15 | 240 |

* За Архитектонскиот факултет, колоната НИ се употребува како НИ+СУ и во неа се акумулираат поените од научноистражувачката и стручно-уметничката дејност во облик признат од струката.

**Член 14**

За наставник по стручно-уметничките предмети, освен за теоретските предмети, може да биде избрано и лице без научен степен доктор на науки, во звањето:

- **доцент**, ако има завршено соодветно високо образование од втор циклус, ако има признати уметнички дела и успешно дејствување во соодветната област на уметноста и ако покажува способност за наставно-образовна работа. Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето доцент по стручно-уметнички предмети се прикажани во Табелата 2;
- **вонреден професор**, ако има завршено соодветно високо образование од втор циклус, ако има поголем број признати уметнички дела, ако добил јавно признание за успешно дејствување во соодветната област на уметноста и ако покажува способност за наставно-образовна работа. Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето вонреден професор по стручно-уметнички предмети се прикажани во Табелата 2;
- **редовен професор**, ако има завршено соодветно високо образование од втор

[1)] Критериумите од табелите 1а, 2а и 4а се применуваат во случаи кога на конкурси за избор се пријавуваат кандидати кои претходно биле избрани во наставно-научни, односно научни звања на други универзитети, односно високообразовни установи надвор од рамките на УКИМ.

циклус, ако остварил уметнички дела, односно резултати во соодветната област на уметноста кои се од особено значење за афирмацијата на културата и уметноста во и надвор од земјата, со кои врши значително влијание врз развитокот на таа област, и ако покажува способност за наставно-образовна работа. Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето редовен професор по стручно-уметнички предмети се прикажани во Табелата 2.

Стручно-уметничките предмети се утврдуваат со студиските програми.

***Табела 2***

**Минимален број поени за избор во наставно-научно звање од стручно-уметничка област**

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | СУ | СА | |
| **Доцент*** | 0 | 15 | 0 | 40 |
| **Вонреден професор**** | 20 | 15 | 0 | 60 |
| **Редовен професор***** | 20 | 15 | 0 | 60 |

* Се вреднуваат сите активности до изборот во звањето доцент.
** Се вреднуваат само активностите по изборот во звањето доцент.
*** Се вреднуваат само активностите по изборот во звањето вонреден професор.

***Табела 2а***

**Минимален кумулативен број поени за избор во повисоко наставно-научно звање од стручно-уметничка област**[1]

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | СУ | СА | |
| **Доцент** | 0 | 15 | 0 | 40 |
| **Вонреден професор** | 20 | 30 | 0 | 100 |
| **Редовен професор** | 20 | 45 | 0 | 160 |

***Критериуми за избор во наставно-стручни звања***

**Член 15**

За **лектор** може да биде избрано лице кое има завршено постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените) или академски студии од втор циклус од научната област во која се избира и покажува способност за наставна и високостручна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа. Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето лектор се прикажани во Табелата 3.

За **виш лектор** може да биде избрано лице кое има завршено постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените) или академски студии од втор циклус од научната област во која се избира или објавено научни и најмалку 5 стручни трудови и покажува способност за наставна и високостручна работа. Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето виш лектор се прикажани во Табелата 3.

*Табела 3*

**Минимален број поени за избор во лекторско звање**

| Звање | Минимален број поени | | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|---|
| | НО | НИ | СА | |
| **Лектор** | 20 | 10 | 0 | 70 |
| **Виш лектор** | 20 | 20 | 5 | 80 |

***Критериуми за избор во насловни звања***

**Член 16**

Во звањето **насловен доцент** или **насловен вонреден професор** може да биде избрано лице кое претставува афирмиран научен работник, афирмиран стручњак од практиката, уметник или соработник на факултетот, доколку ги исполнува условите за избор во редовно звање - доцент или вонреден професор, а доколку на факултетот нема слободно место за избор во соодветното звање.

Потребата од избор на лице во насловно звање со одлука ја утврдува наставно-научниот совет на факултетот.

Лице избрано во научно звање може да биде избрано во исто или повисоко насловно наставно-научно звање доколку ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање утврдени со овој Правилник. Времето поминато во научно звање се смета за време поминато во насловно звање.

Лице избрано во насловно звање може да биде избрано во исто или повисоко наставно-научно, односно научно звање доколку ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање, односно научно звање утврдени со овој Правилник. Времето поминато во насловно звање се смета за време поминато во наставно-научно, односно научно звање.

При изборот во насловно звање непосредно се применуваат одредбите од член 292 од Статутот на Универзитетот.

**Член 17**

Обемот и видот на учеството во наставно-образовниот процес на лицето избрано во насловно звање се утврдуваат со одлука на наставно-научниот совет на факултетот.

**Член 18**

Изборот во насловни звања се врши според критериумите и постапката за избор во звањата доцент и вонреден професор.

***Критериуми за избор во соработнички звања***

**Член 19**

За **помлад асистент** може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус од соодветно научна, односно уметничка област или постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените), со просечна оценка најмалку 8,00 (осум), кое се служи со еден од светските јазици и покажува способност за наставно-научна, наставно-стручна, односно наставно-уметничка работа и особен интерес кон областа.

**Член 20**

За **помлад асистент** на Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет, како и на Факултетот за ветеринарна медицина, може да биде избрано лице кое има завршено интегриран академски прв и втор циклус со најмалку 300 кредити, со просечна оценка најмалку 8,00 (осум), кое активно владее еден од странските јазици и покажува способност за научно-наставна, односно научно-стручна дејност.

**Член 21**

За **помлад лектор** може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус или постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените), со просечна оценка

најмалку 8,00 (осум), кое активно го владее странскиот јазик и покажува способност за наставна работа.

**Член 22**

За **помлад уметнички соработник** може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус, со просечна оценка најмалку 8,00 (осум), има способност за уметничко-стручна работа и кое положило аудиција.

**Член 23**

Наставно-научниот совет го определува начинот на стручно оспособување, следење и оценување на помлад асистент, помлад лектор и помлад уметнички соработник.

**Член 24**

За **асистент** може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус од соодветно научно, односно уметничко подрачје или постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените) и еден мандат како помлад асистент или работно искуство од три години, се служи со еден од светските јазици и покажува способност за наставно-научна дејност.

**Член 25**

За **асистент** на Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет може да биде избрано лице кое има завршено академски циклус од втор степен од соодветно научно подрачје или постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените) или специјализација од областа на медицината за клиничките предмети според Законот за здравствената заштита, се служи со еден од странските јазици и покажува способност за научно-наставна, односно научно-стручна дејност.

**Член 26**

За **уметнички соработник** може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус и еден мандат како помлад уметнички соработник, со признати уметнички дела, успешно дејствување во соодветната област на уметноста и кое покажува способност за уметничко-стручна работа.

***Критериуми за избор во научни звања-истражувачи***

**Член 27**

За **научен соработник** може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, објавени научни и стручни трудови, како и постигнувања во примената на научноистражувачките резултати. Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето научен соработник се прикажани во Табелата 4.

**Член 28**

За **виш научен соработник** може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, повеќе рецензирани научни трудови објавени самостојно или во соработка со други автори, самостојни научни и стручни трудови објавени одделно или во публикации, учество во научноистражувачки проекти, и има значајни постигнувања во примената на научноистражувачките резултати и придонес во оспособувањето на научноистражувачките кадри. Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звање виш научен соработник се прикажани во Табелата 4.

**Член 29**

За **научен советник** може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, повеќе рецензирани научни трудови објавени самостојно или во соработка со други автори кои имаат значајно влијание во развојот на науката и практиката, да бил главен истражувач или да има значаен придонес во реализирањето на програмите и проектите, лице кое раководело со научноистражувачки проект и во оспособувањето на научноистражувачките кадри. Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето научен советник се прикажани во Табелата 4.

*Табела 4*

**Минимален број поени за избор во научно звање**

| Звање | Минимален број поени | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|
| | НИ | СА | |
| **Научен соработник** | 35 | 5 | 80 |
| **Виш научен соработник** | 35 | 5 | 80 |
| **Научен советник** | 35 | 5 | 80 |

*Табела 4а*

**Минимален кумулативен број поени за избор во повисоко научно звање**[1]

| Звање | Минимален број поени | | Минимален број поени по сите основи |
|---|---|---|---|
| | НИ | СА | |
| **Научен соработник** | 35 | 5 | 80 |
| **Виш научен соработник** | 70 | 10 | 160 |
| **Научен советник** | 105 | 15 | 240 |

**Член 29-а**

Лице избрано во научно звање може да биде избрано во исто или во повисоко наставно-научно звање, доколку ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање утврдени со овој Правилник. Времето поминато во научно звање се смета за време поминато во наставно-научно звање.

***Критериуми за избор во соработнички звања-истражувачи***

**Член 30**

**Помлад асистент-истражувач** може да биде лице кое има завршено академски студии од втор циклус или постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените) од соодветно научно подрачје, постигнат просечен успех на студиите од најмалку 8,00 и кое покажува способност за научно истражување.

**Асистент-истражувач** може да биде лице кое има завршено академски студии од втор циклус од соодветно научно подрачје или постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените) и еден мандат како помлад асистент-истражувач или работно искуство од три години, објавени трудови и постигнати резултати во научни истражувања.

***Постапност во изборот***

**Член 31**

Изборот на лицата во наставно-научни и научни звања се врши постапно.

Лицето од претходниот став на овој член не може истовремено да биде избрано во повеќе од едно наставно-научно, односно научно звање.

**Член 32**

При еднакви услови утврдени со овој Правилник, предност при изборот во соработничко звање може да има лице кое добило пофалница или награда за најдобро дипломиран студент од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, или е добитник на други награди установени на Универзитетот.

## НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

**Член 33**

Како објавени научни и стручни трудови со кои се потврдува владеењето на проблематиката во областа во која се избира лицето во наставно-научно, т.е. научно звање се сметаат трудови објавени во научни и во стручни списанија, како и во други публикации кои се од значење за развојот на науката и струката.

Како научни и стручни списанија и други публикации се сметаат оние во кои објавените трудови подлежат на рецензија и се класифицирани како изворни научни и стручни трудови, како и поголем број трудови објавени во списанија и зборници што ги издаваат одделни институции.

Во публикуваните научни и стручни трудови во афирмирани списанија треба да е содржан приказот на резултатите од оригиналните истражувања кои можат да се оценат дека се од значење за развојот на науката и струката во соодветната област.

Како признати уметнички дела во соодветната област на уметноста се сметаат делата со кои лицето настапило на јавни културни манифестации кои се од значење за развојот на уметноста, концерти, изложби, јавни филмски и телевизиски проекции, претставиi, фестивали, настапи и нивно публикување во самостојни и во колективни монографии, стручни списанија, каталози и други публикации.

Како јавни признанија за успешно дејствување во соодветната област на уметноста се сметаат јавните награди доделени за културно-уметнички настапи од републичко и од меѓународно значење.

## ПОСТАПКА И НАЧИН НА ИЗБОР

***Конкурс за избор***

**Член 34**

Одлука за распишување конкурс за избор во звање, во случаи кога изборот се врши прв пат, донесува наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот.

Одлука за распишување конкурс за лица избрани во звања донесува ректорот на предлог на деканот, односно по предлог на директорот (за редовен професор и научен советник); деканот, односно директорот (за другите звања), најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во звање.

Времето за распишување конкурс од став 2 на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од шест месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон.

Врз основа на одлука од наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, конкурс се распишува и пред истекот на времето за кое лицето е избрано во соработничко звање, доколку се исполнети формалните услови и постои непополнето место за повисоко звање.

Конкурсот се распишува за избор во сите наставно-научни, односно научни звања.

При изборот во соработничко звање се назначува соработничкото звање за кое се врши изборот.

Врз основа на одлуките од ставовите 1, 2 и 4 на овој член, Универзитетот, факултетот, односно институтот објавува јавен конкурс во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

**Член 35**

Конкурсот трае 8 дена од денот на објавувањето.

**Член 36**

Конкурсот треба да ја содржи соодветната наставно-научна област, за која се избира лицето, утврдена со Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација, видот на работниот однос, рокот на траењето и општите и посебните услови за избор.

**Член 37**

Постапката по конкурсот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на факултетите и институтите трае најмногу 6 месеци.

Рокот од претходниот став започнува да тече од денот на објавување на конкурсот.

Доколку постапката не заврши во предвидениот рок од став 1 на овој член, постапката се запира и се распишува нов конкурс.

*Предвремен избор во повисоко звање*

**Член 38**

Лицата избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни звања можат да бидат избрани во пови-соко звање во истата наставно-научна област и пред истекот на периодот за кој се избрани, доколку имаат поминато повеќе од половина од времето во звањето во кое се избрани, доколку наставникот ги исполнил условите за избор во повисоко звање утврдени со закон и со овој Правилник, доколку покажуваат извонредни резултати во наставно-образовната дејност и научноистражувачката работа во својата област, односно во стручно-уметничката работа, и доколку имаат особен придонес за развојот, односно примената на научната односно уметничката дејност за која се избрани и имаат објавено научни и стручни трудови.

По исклучок, лице може да биде избрано во повисоко наставно-научно, научно, наставно-стручно звање и порано, пред истекот на најмалку половина од времето за кое е извршен изборот во постојното звање, доколку, покрај условите од став 1 на овој член, има и објавено најмалку два научни или стручни труда во најпрестижни меѓународни списанија со импакт-фактор или, пак, тие се цитирани во нив.

Лицата од ставовите 1 и 2 на овој член треба да ги имаат исполнето во троен износ потребните поени за избор во соодветно звање утврдени со овој Правилник.

**Член 39**

Иницијатива за предвремен избор на лицата од член 38 на овој Правилник дава наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, по предлог на најмалку два ин-ститута, катедри или други организациони единици на факултетот, односно институтот од соодветната наставно-научна област за која се врши изборот, со писмен и образложен предлог, во кој особено се наведуваат постигнатите извонредни резултати на лицето.

Соодветноста на наставно-научните области од став 1 на овој член ја утврдува наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот на кој се врши изборот.

**Член 40**

По образложената иницијатива за започнување постапка за предвремен избор одлучува Универзитетскиот сенат.

Ако Универзитетскиот сенат ја усвои иницијативата од претходниот став на овој член, распишува конкурс и постапката се спроведува согласно со одредбите од овој Правилник.

Конечна одлука по објавениот конкурс за предвремен избор донесува Универзитетскиот сенат.

**Член 41**

Изборот на кандидатите во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања го врши Универзитетскиот сенат, наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот врз основа на оцената во рефератот на избраната рецензентска комисија.

*Рецензентска комисија*

**Член 42**

Рецензентската комисија ја формира наставно-научниот совет на факултетот односно научниот совет на институтот во рок не подолг од 30 дена од денот на завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

Рецензентската комисија се состои најмалку од три члена. Членовите на рецензентската комисија можат да бидат од факултетот, односно институтот во кој се врши изборот, од други факултети, односно институти на Универзитетот и од други високообразовни и научни установи кои вршат високообразовна дејност во земјата.

Член на рецензентска комисија, под истите услови определени со закон за членови на рецензентска комисија, може

да биде и лице од акредитирана високообразовна установа од странство со која Универзитетот има потпишано договор за меѓусебна соработка.

Членовите на рецензентската комисија не можат да бидат во пониски звања од звањето во кое се избираат кандидатите.

Членови на рецензентската комисија можат да бидат и пензио-нирани лица во наставно-научното звање редовен професор, односно научен советник, согласно со овој Правилник.

**Член 43**

Повеќе од половината од членовите на рецензентската комисија ја сочинуваат лица во наставно-научни звања од истото наставно-научно, односно уметничко подрачје во наставно-научната, односно уметничката област во која се избира кандидатот, а другите членови можат да бидат од сродна наставно-научна, односно уметничка област.

Соодветноста и сродноста од став 1 на овој член ја утврдува наставно-научниот совет, врз основа на научните односно уметничките области, подрачја и наставни дисциплини утврдени од Универзитетот.

Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член соодветно се применуваат и за составот на рецензентската комисија за избор во научни, односно соработнички звања, така што за член на рецензентската комисија за избор во научно, односно соработничко звање, покрај лице избрано во наставно-научно звање, може да биде и лице избрано во научно звање.

**Член 44**

Деканот на факултетот, односно директорот на институтот, во рок не подолг од 8 дена, ги известува кандидатите за составот на рецензентската комисија. Во истиот рок, ги известува и членовите на рецензентската комисија и им ја доставува целокупната документација.

**Член 45**

Рецензентската комисија на факултетот, односно институтот, поднесува реферат за сите пријавени кандидати.

Покрај елементите од членот 48 од овој Правилник, рефератот содржи:

- предлог за избор во звање кога од кандидатите кои ги исполнуваат условите за избор во звање се предлага еден и се предлага звањето во кое може да биде избран;
- предлог за неизбор кога ниеден од пријавените кандидати не ги исполнува условите за избор во звање.

Рецензентската комисија поднесува реферат и во случај кога нема предлог од став 1 на овој член, односно рефератот содржи издвоени мислења на членовите на комисијата.

**Член 46**

Рецензентската комисија е должна да поднесе реферат во рок од 3 месеци од денот на доставувањето на документацијата од член 44 на овој Правилник.

Доколку рецензентската комисија не поднесе реферат во рокот утврден во став 1 на овој член, се формира рецензентска комисија со променет состав.

Предлог за формирање нова рецензентска комисија поднесува деканот, односно директорот.

**Член 47**

Рецензентската комисија го донесува предлогот од член 45, став 2, алинеи 1 и 2 со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член на рецензентската комисија може да има издвоено мислење.

**Член 48**

Рефератот на рецензентската комисија содржи: биографски пода-тоци на кандидатот, оцена на научните, уметничките, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите кои се од важност за утврдување на условите за избор во звање, податоци за објавените стручни и научни трудови и оцена на тие трудови, податок кога лицето последен пат било избрано и во кое звање, како и предлог од членот 45 од овој Правилник.

Рефератот, односно извештајот, се пишува на македонски јазик.

Доколку еден од членовите на рецензентската комисија е од странски уни-

верзитет, рефератот, односно извештајот, се пишува на македонски и на англиски јазик.

**Член 49**

Факултетот, односно институтот, е должен, во рок од 3 работни дена, да го достави рефератот на рецензентската комисија до Универзитетот, заради објавување во Билтенот на Универзитетот и на веб-страницата на Универзитетот.

Објавувањето се врши најмалку 15 дена пред денот на изборот.

**Член 50**

Доколку постои издвоено мислење на член на рецензентската комисија по предлогот за избор на кандидатот, мислењето, заедно со рефератот, се објавува во Билтенот на Универзитетот.

**Член 51**

Во рок од 8 дена од денот на објавувањето на рефератот на рецензентската комисија во Билтенот на Универзитетот, лица - учесници во постапката, наставно-научни и научни работници, наставници и соработници од факултетот, институтот и од соодветна наставно-научна област на други високообразовни установи можат да поднесат приговор на објавените реферати за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања.

**Член 52**

Рецензентската комисија дава одговор на приговорот во рок од 8 дена од денот на поднесувањето на приговорот.

Приговорот и одговорот на приговорот се објавуваат во Билтенот и на веб-страницата на Универзитетот и се доставуваат до наставно-научниот совет, односно научниот совет 7 дена пред одлучувањето по рефератот за избор во соодветно звање.

Во случаите од член 45, став 2, алинеја 2 и став 3, по приговорот одлучува наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот.

Ако наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот го усвои приговорот од став 3 на овој член, се формира рецензентска комисија во променет состав, а ако не го усвои приговорот, се распишува нов конкурс.

**Член 53**

Доколку рецензентската комисија утврди дека приговорот е злонамерен или со него се повредува достоинството на учесниците во постапката или на рецензентите, или се навредува јавниот морал, за објавувањето на приговорот одлучува деканот, односно директорот.

***Одлучување за избор***

**Член 54**

Изборот на редовен професор и научен советник, по предлог на наставно-научниот, т.е. научниот совет го врши Универзитетскиот сенат.

Ако рецензентската комисија утврди предлог за избор во звањето редовен професор, односно научен советник, деканот на факултетот, односно директорот на институтот, предлог-одлуката на наставно-научниот, односно научниот совет, заедно со целокупната документација ја доставува до Универзитетскиот сенат.

**Член 55**

Доколку лицето кое е предложено за избор во звањето редовен професор, односно научен советник не биде избрано во тоа звање, постапката за избор продолжува на факултетот, односно научниот институт, согласно со овој Правилник, и повторно се гласа за избор во постојното звање во кое било претходно избрано.

Гласањето за избор во постојното звање се врши на првата наредна седница на наставно-научниот, односно научниот совет, но најдоцна во рок од 30 дена од денот на одржаната седница на Универзитетскиот сенат.

**Член 56**

Наставно-научниот совет на факултетот, изборот на кандидатите во наставно-научно, односно научно звање го врши доколку се присутни две третини од редот на редовните професори, вонредните професори и доцентите.

Лицето е избрано ако добие мнозинство гласови од присутните членови од

редот на редовните професори, вонредните професори и доцентите.

При изборот во наставно-научни и научни звања не учествуваат асистентите, помладите асистенти, стручно-уметничките соработници и студентите, членови на наставно-научниот совет.

**Член 57**

Наставно-научниот совет на факултетот, изборот во соработничко звање го врши доколку на седницата се присутни две третини од вкупниот број членови на наставно-научниот совет.

Лицето е избрано ако добие мнозинство гласови од присутните членови на наставно-научниот совет.

**Член 58**

Ако при изборот на наставно-научен работник во повисоко звање кандидатот не го добие потребното мнозинство, повторно се гласа за избор во звањето во кое се наоѓа.

На наставно-научните работници кои не се избрани во повисоко звање, односно не се избрани во истото звање, им престанува работниот однос.

**Член 59**

Наставно-научниот совет одлучува за изборот по предлогот на рецензентската комисија.

Ако рецензентската комисија нема предлог за избор во звање или ако наставно-научиот совет не изврши избор, се распишува нов конкурс.

**Член 60**

Одредбите од членовите 54 до 59 (поглавје: Одлучување за избор) соодветно се применуваат и при избор во научно и соработничко звање на научен институт.

## ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ИЗБРАНИ

**Член 61**

Лицето од став 2 на член 58 кое не е избрано има право на приговор до наставно-научниот совет на факултетот, односно до научниот совет на институтот, во рок од 8 дена од денот на известувањето за одлуката на наставно-научниот, односно научниот совет.

Наставно-научниот совет, односно научниот совет, во рок од 30 дена по доставувањето на приговорот, формира комисија од 3 члена од соодветната област за која е распишан конкурс, со задача да даде одговор по наводите во приговорот. Член на оваа комисија не може да биде член на рецензентската комисија по чиј реферат наставно-научниот совет, односно научниот совет одлучувал.

Комисијата од претходниот став на овој член, во рок од 15 дена, доставува извештај до наставно-научниот совет, односно научниот совет, по наводите во приго-ворот.

Наставно-научниот совет, односно научниот совет, во рок од 60 дена по поднесувањето на извештајот на комисијата, одлучува во согласност со овој Правилник.

**Член 62**

Наставно-научниот совет, односно научниот совет, приговорот на лицето од член 61 го разгледува заедно со извештајот на комисијата по приговорот.

**Член 63**

Доколку наставно-научниот совет, односно научниот совет, го одбие приговорот, лицето има право на жалба до Универзитетскиот сенат на Универзитетот, во рок од 8 дена по приемот на одлуката на наставно-научниот совет, односно научниот совет.

**Член 64**

Лице кое не е избрано во звањето редовен професор, односно научен советник, има право на жалба до Универзитетскиот сенат, во рок од 8 дена по приемот на одлуката.

**Член 65**

Универзитетскиот сенат, во рок од 30 дена од поднесувањето на жалбата на лицата од претходните членови, формира комисија од три члена од редовни професори од иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друг факултет, односно институт.

Комисијата, во рок од 30 дена, поднесува извештај до Универзитетскиот

сенат со оцена за изборот и со образложен предлог.

Комисијата може да предложи лицето да биде избрано во звањето во кое претходно било избрано, да предложи избор во звањето за кое конкурирало или да предложи да се прифати одлуката на наставно-научниот совет, односно научниот совет.

Универзитетскиот сенат може полноважно да одлучува доколку на седницата се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на членови избрани во наставно-научни и научни звања, а одлучува со мнозинство од присутните лица избрани во наставно-научни и научни звања.

Одлуката на Универзитетскиот сенат е конечна.

## ПРЕДВРЕМЕНО ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ

**Член 66**

Лицето избрано во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање е должно постојано научно, стручно, односно уметнички да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува високообразовната и научноистражувачката дејност, да придонесува за создавање наставно-научен, научен, односно уметнички подмладок, да се грижи за успешно остварување на студиските програми и да придонесува за развојот, односно примената на научната, односно уметничката дејност за која е избран.

На лицето избрано во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, под услови и постапка утврдени со закон и со овој Правилник, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува обврските, ако ги попречува законските и статутарните активности на факултетот, научниот институт, Универзитетот, или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите во установата, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот.

**Член 67**

Иницијатива за предвремено престанување на изборот може да преземе деканот на факултетот, односно директорот на научниот институт, органот на внатрешната организациона единица на факултетот, односно институтот, или најмалку 5 наставно-научни, односно научни работници од факултетот, односно институтот.

**Член 68**

Иницијативата од претходниот член ја разгледува наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот.

Доколку наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, ја прифати иници-јативата, формира комисија составена од 3 редовни професори, од кои 2 се од соодветната наставно-научна област во која е избран кандидатот, со задача да изготви реферат за предвремено престанување на изборот.

**Член 69**

Рефератот за предвремено престанување на изборот се објавува во Билтенот на Универзитетот.

**Член 70**

Одредбите од овој Правилник за постапката за избор во звање соодветно се применуваат и за постапката за предвремено престанување на изборот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*(од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје-Универзитетски гласник бр. 138/ 2009, бр. 140/2009-исправка и бр. 173/2011 исправка)*

**Член 71**

Одредбите од овој Правилник за соработниците и демонстраторите ќе се применуваат согласно со роковите утврдени со Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование, односно Законот за изменување и дополнување на Законот за научноистражу-вачката дејност (Сл. весник на РМ бр. 103/2008).

**Член 72**

Започнатите постапки за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања пред стапувањето во сила на овој Правилник ќе завршат според условите, критериумите и постапката што важеле во времето на нивното започнување.

**Член 73**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 2 јули 2002 година.

**Член 74**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник на Универзитетот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*(од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје-Универзитетски гласник бр.173/ 2011)*

**Член 11**

Започнатите постапки за избор на лица во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања пред стапувањето во сила на овој Правилник ќе завршат според одрдебите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и анексите 1 и 2 (Универзитетски гласник бр. 138/2009, бр. 140/2009-исправка и бр. 173/2011 - исправка), доколку одредбите од овој Правилник не се поповолни за нив.

Одредбите од членовите 5 и 7 (член 29-а) од овој Правилник се однесуваат и на завршените постапки за избор во наставно-научни, односно научни звња во засметување на времето изминато во насловно, односно научно звање согласно со еквиваленцијата на научните со наставно-научните звања утврдена со закон.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

**Пречистениот текст ги опфаќа:**

*-Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје-Универзитетски гласник бр. 138/ 2009, бр. 140/2009-исправка и бр. 173/2011-исправка;*

*-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје-Универзитетски гласник бр.173-2011).*

ANEKS 1

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

**Член 1**

Професионалните референци на кандидатите за избор во наставно-научни, научни и наставно-стручни звања се вреднуваат во следниве области:

- наставно-образовна дејност (НО);
- научноистражувачка дејност(НИ);
- стручно-уметничка дејност (СУ);
- стручно-апликативна дејност (СА).

Секоја референца од овие области се вреднува со соодветен број поени, дефинирани во член 2 до член 5.

**Член 2**

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| | Поени |
|---|---|
| Одржување на настава[1] | |
| - од прв циклус студии | 0,04 |
| - од втор циклус студии | 0,05 |
| - од трет циклус студии | 0,06 |
| Настава во школи и работилници | |
| - раководител | 1,5 |
| - учесник | 1 |
| Одржување на теренска настава[2] | 0,04 |
| Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)[3] | 0,03 |
| Одржување на менторска настава за здравствена клиничка пракса | 0,06 |
| Подготовка на нов предмет | |
| - предавања | 1 |
| - вежби | 0,5 |
| Консултации со студенти[4] | 0,002 |
| Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка пракса[5] | 0,2 |
| Ментор на дипломска работа | 0,2 |
| Ментор на специјалистичка работа | 1,0 |
| Ментор и едукатор на здравствена едукација[6] | 0,08 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | 0,5 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | 0,3 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа | 0,2 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | 0,1 |
| Позитивно рецензиран универзитетски учебник | |
| - автор | 8 |
| - коавтор | 6 |
| Учебник издаден и во употреба на универзитет во странство | |
| - автор | 10 |
| - коавтор | 8 |
| Изменето и дополнето издание на учебник | |
| - автор | 4 |
| - коавтор | 3 |

| | |
|---|---|
| Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум | |
| - автор | 4 |
| - коавтор | 3 |
| Интерна скрипта од предавања[7] | 4 |
| Интерна скрипта од вежби[7] | 3 |
| Научно-популарна книга | |
| - автор | 6 |
| - коавтор | 4 |
| Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание | 1 |
| Рецензент на универзитетски учебник | 1 |
| Пакет материјали за одреден предмет | 1 |
| Уредник на зборник на текстови за одреден предмет | 2 |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за предавања од теренска настава) = поени.

[3] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,03/0,06). Пример: 3 (часа неделно)*15 (недели)* 0,03 (поени за часови вежби) = поени.

[4] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

[5] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 6 (студенти во семестар) * 0,2 (бодување) = 1,2 поени.

[6] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,08). Пример: 3 (часа неделно)*15 (недели)* 0,08 (поени за часови) = 3,6 поени.

[7] Монографија е научно или стручно издание кое целосно обработува одредена проблематика врз основа на сопствени податоци и податоци од други автори.

Член 3

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | Поени |
|---|---|
| Ментор на докторска дисертација | 3 |
| Коментор на докторска дисертација | 1,5 |
| Ментор на магистерска работа | 1 |
| Коментор на магистерска работа | 0,5 |
| Раководител на национален научен проект | 6 |
| Раководител на меѓународен научен проект | 9 |
| Национален координатор на меѓународен научен проект | 6 |
| Учесник во национален научен проект | 3 |
| Учесник во меѓународен научен проект | 5 |
| Монографија[8, 1] | 8 |
| Монографија објавена во странство[8, 10] | 12 |
| Дел од монографија[9] | 4 |
| Дел од монографија објавен во странство[9] | 6 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание[10] | 4 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор [10, 11] | 6 + и.ф. |
| Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание[10] | 2 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор [10, 11] | 3 |
| Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир[10] | 2 |
| Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки [10, 11] | 3 |
| Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција[10] | 2 |
| Пленарно предавање на научен/стручен собир | 2 |
| Секциско предавање на научен/стручен собир | 1 |
| Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество | 3 |
| Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество | 2 |
| Одржано предавање по покана на универзитет | 1 |
| Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет | 3 |
| Учество на научен/стручен собир со реферат | |
| - орална презентација | 1 |
| - постер | 0,5 |
| Апстракт објавен во зборник на конференција[12] | |
| - меѓународна | 1 |
| - национална | 0,5 |
| Одржано предавање на семинар за потребите на домашни спортски здруженија и федерации | 0.5 |
| Одржано предавање на семинар за потребите на меѓународни спортски здруженија и федерации | 1 |

[8] Монографија е научно или стручно издание кое целосно обработува одредена проблематика врз основа на сопствени податоци и податоци од други автори.
[9] Делот претставува заокружена целина (на пример, глава во научна книга).
[10] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора-секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.
[11] Меѓународен уредувачки одбор е одбор во кој учествуваат експерти од соодветната научна област од најмалку 5 земји, при што бројот на учесници од една земја не може да надминува 40% од вкупниот број членови.
[12] Апстаркт на трудови објавени во зборник кога не е објавен целиот труд

## Член 4
## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| | Поени |
|---|---|
| Јавно изведено или претставено уметничко дело од областа на архитектурата и урбанизмот, во облик признат во струката | 8 |
| Самостојно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела со публикација | 8 |
| Идејно архитектонско решение | 4 |
| Изведен архитектонски објект | 6 |
| Изведен архитектонски објект од национално значење | 8 |
| Учество на светска архитектонска и урбанистичка манифестација со национално претставување | 8 |
| Самостојно јавно претставување на архитектонски проекти (во земјата по повик од национална установа) | 5 |
| Учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс | 4 |
| Урбанистичко решение за простор од национално значење | 8 |
| Урбанистичко решение за простор од градско значење | 4 |
| Куратор на изложба од областа на архитектурата и урбанизмот | 2 |
| Идејно обликовно решение за елементи од мебел, урбана опрема и други објекти | 1 |
| Изведен елемент од мебел, урбана опрема или друг предмет | 1 |
| Урбанистичко решение | 1 |
| Архитектонско-урбанистичко решение за партерни и амбиентални целини | 2 |
| Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела | 2 |
| Учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс | 2 |
| -Режија/продукција на аудио-визуелно дело од монументален формат;<br>-Учество на светска ликовна манифестација со национално претставување (светски биеналиња и најзначајни светски ликовни манифестации). | 10 |
| - Солистички концерт со симфониски оркестар или со камерен оркестар; солистички или дуо рецитал; главна улога во опера; диригирање со симфониски, оперски или балетски оркестар (целовечерен концерт); *<br>- Создадено и изведено симфониско дело, балет, опера; дело за солист и симфониски оркестар,; дело за хор и симфониски оркестар; **<br>- Издадено ЦД или друг носач на звук;<br>- Кореографија и пренос на кореографија на класично целовечерно балетско дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена**;<br>- Изведба на прва улога во класично целовечерно балетско дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена*;<br>- Авторство / продукција на сценско-уметничко или аудио-визуелно дело од голем формат; авторско учество/коавторство/извршна продукција на аудио-визуелно дело од монументален формат;<br>- Монументално ликовно дело од национално значење. | 8 |
| Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во странство по повик). | 7 |
| - Создадено и изведено камерно дело, создадено и изведено дело за Биг Бенд**;<br>- Ретроспективно-монографска изложба. | 6 |
| - Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во земјата по повик од национална установа);<br>- Кореографија и пренос на кореографија на целовечерно неокласично или современо дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена**;<br>- Изведба на прва улога во неокласично балетско дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена*. | 5 |

| | |
|---|---|
| - Солистички или дуо полурецитал; диригирање со камерен оркестар (целовечерен концерт); диригирање со хор (целовечерен концерт); *<br>- Создадено и изведено дело за соло инструмент или за вокал; **<br>- Создадена применета музика;<br>- Создадено неизведено симфониско дело, балет, опера; дело за солист и симфониски оркестар; дело за хор и симфониски оркестар;<br>- Репетиторска дејност во подготовка на прва улога во класично целовечерно балетско дело;<br>- Авторство/извршна продукција/маркетинг на сценско-уметничко или аудио-визуелно дело од мал формат; авторско учество/ко-авторство на аудио-визуелно дело од среден формат;<br>- Самостојно јавно претставување со ликовни дела во земјата;<br>- Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, меѓународна, селектирана и жирирана манифестација (во странство);<br>- Целосно ликовно и графичко обликување на монографски публикации и авторски книги за странски издавачи (како автор). | 4 |
| - Создадено неизведено камерно дело; создадено неизведено дело за Биг Бенд;<br>- Кореографија и пренос на кореографија на класично, неокласично или современо камерно балетско дело** ;<br>- Асистент-кореограф на класично целовечерно балетско дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена**;<br>- Изведба на прва улога во современо целовечерно балетско дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена*;<br>- Авторско учество/ко-авторство/линиска или извршна продукција/ маркетинг/дистрибуција на сценско-уметничко или аудио-визуелно дело од мал формат;<br>- Целосно ликовно и графичко обликување на монографски публикации и авторски книги за домашни издавачи (како автор). | 3 |
| - Член на камерен ансамбл (целовечерен концерт); диригирање со симфониски, оперски или балетски оркестар (друг настап)*;<br>- Создадено и изведено дело за традиционални ансамбли; **<br>- Создадено неизведено дело за соло инструмент или за вокал;<br>- Кореографија и пренос на кореографија на класично, неокласично или современо балетско дело со траење до 30 минути**;<br>- Изведба на прва улога во класично, неокласично или современо балетско дело со траење до 30 минути*;<br>- Изведба на втора улога во класично целовечерно балетско дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена*;<br>- Репетиторска дејност во подготовка на прва улога во неокласично или современо балетско дело;<br>- Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, селектирана и жирирана манифестација (во земјата). | 2 |
| - Член на камерен оркестар (целовечерен концерт); улога во опера (освен главната); диригирање со камерен оркестар (друг настап); диригирање со хор (друг настап); *<br>- Создадено и изведено друго дело; **<br>- Создадено неизведено дело за традиционални ансамбли;<br>- Кореографија и пренос на кореографија на класично, неокласично или современо балетско дело со траење до 15 минути**;<br>- Асистент-кореограф на неокласично или современо целовечерно балетско дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена**;<br>- Изведба на прва улога во класично, неокласично или современо балетско дело со траење до 15 минути*;<br>- Изведба на втора улога во неокласично балетско дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена*;<br>- Помал авторски, коавторски или продукциски ангажман во рамките на едно сценско-уметничко или аудио-визуелно дело; авторство на културни настани и манифестации;<br>- Учество на ликовни симпозиуми и колонии во странство;<br>- Логотипови, брендирање, илустрации за публикации, поштенски марки (на конкурс) – како автор;<br>- Целосно ликовно и графичко обликување на монографски публикации и авторски книги – како учесник/соработник. | 1 |

| | |
|---|---|
| - Солист (друг настап)* | 0.6 |
| - Создадено неизведено друго дело;<br>- Изведба на втора улога во современо целовечерно балетско дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена*;<br>- Репетиторска дејност во подготовка на втора улога во класично целовечерно балетско дело;<br>- Репетиторска дејност во подготовка на ансамблот во класично целовечерно балетско дело;<br>- Учество на ликовни симпозиуми и колонии во земјата;<br>- Ликовно и графичко обликување на печатени публикации и амбалажа – како автор;<br>- Ликовно и графичко обликување на веб страници, мултимедија, електронски книги, видео и филмска продукција – како автор. | 0.5 |
| - Член на камерен ансамбл (друг настап)*. | 0.4 |
| - Член на камерен оркестар (друг настап)*;<br>- Логотипови, брендирање, илустрации за публикации, поштенски марки (на конкурс) – како учесник/соработник. | 0.2 |
| - Концерт мајстор на симфониски, оперски или балетски оркестар***. | 0.2 |
| - Водач на група на симфониски,оперски или балетски оркестар***. | 0.1 |
| - Прв дувач на симфониски,оперски или балетски оркестар***. | 0.1 |
| - Член на симфониски,оперски или балетски оркестар***;<br>- Ликовно и графичко обликување на веб страници, мултимедија, електронски книги, видео и филмска продукција – како учесник/соработник. | 0.05 |
| - Ликовно и графичко обликување на печатени публикации и амбалажа – како учесник/соработник. | 0,03 |

Забелешки:

Авторство подразбира режија, драмски текст, сценарио со рангирање зависно од форматот, директор на фотографија, главен монтажер.

Авторско учество/ко-авторство подразбира актерско остварување, сценографија, костимографија, кореографија, авторство на музика, ко-сценарио, прв асистент на режија, сниматeл, прв асистент на монтажа, втор асистент на монтажа, со рангирање зависно од форматите и степенот на ко-авторство.

Бодовите за активностите од областа на музичката уметност се однесуваат само на премиерните изведби.

* Репризните изведби се бодуваат со 20% од бодовите предвидени за премиерните изведби.

** Повторното изведување на делата се бодува со 15% од бодовите предвидени за премиерните изведби.

*** Активностите се бодуваат еднакво без оглед на тоа дали се работи за премиерни или за репризни активности.

Камерниот ансамбл е најмногу нонет.

**Член 5**

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | Поени |
|---|---|
| Стручна монографија[10] | 8 |
| Стручна монографија објавена во странство[10] | 12 |
| Книга од стручна област | |
| - автор | 8 |
| - коавтор | 7 |
| Поглавје во книга | |
| - автор | 3 |
| - коавтор | 2 |
| Речник или стручна енциклопедија | |
| - автор | 6 |
| - коавтор | 3 |
| Авторство на одредница во речник или енциклопедија[10] | 0,05/1875 знаци со празни места |
| Основен школски или средношколски учебник | |
| - автор | 7 |
| - коавтор | 6 |
| Рецензент на учебник за средно или основно образование | 0,5 |
| Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма | 1 |
| Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија [13] | 1 |
| Патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индустриска сопственост | 4 |
| Идеен проект | |
| - одговорен проектант | 2 |
| - учесник/соработник | 1 |
| Студија, физибилити студија, истражување на пазарот | |
| - одговорен проектант | 2 |
| - учесник/соработник | 1 |
| Главен (основен) проект | |
| - одговорен проектант | 4 |
| - учесник/соработник | 2 |
| Изведбен проект | |
| - одговорен проектант | 1 |
| - учесник/соработник | 0,5 |
| Ревизија | |
| - одговорен | 1 |
| - учесник/соработник | 0,5 |
| Дизајн или изработка на информациски систем | 1 |
| Учество во работата на комисии за државни натпревари | 1 |
| Учество во промотивни активности на факултетот/институтот | 0,5 |
| Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација | 1 |
| Објавено дело во каталог од меѓународна ликовна манифестација | 2 |
| Учество на национални ликовни симпозиуми (колонии) | 2 |
| Учество на меѓународни ликовни симпозиуми (колонии) | 4 |
| Член на национална жири-комисија | 1 |
| Член на меѓународна жири-комисија | 2 |

[13] Наставно-научните, односно научните совети на единиците со свои одлуки можат да ги утврдат активностите кои влегуваат во оваа категорија.

| | |
|---|---|
| Идеен архитектонски проект | |
| - автор | 2 |
| - учесник/соработник | 1 |
| Основен архитектонски проект | |
| - автор | 2 |
| - учесник/соработник | 1 |
| Урбанистички проект | |
| - автор | 2 |
| - учесник/соработник | 1 |
| Урбанистички план | |
| - автор | 2 |
| - учесник/соработник | 1 |
| Дела од архитектонска визуелизација, мултимедиски и графички дизајн | |
| - автор | 2 |
| - учесник/соработник | 1 |
| Изработка на нов софтверски пакет | 2 |
| Воведување нова лабораториска/клиничка или јавно-здравствена метода во областа на медицинските науки и здравството | |
| - првпат воведена/патентирана оригинална метода | 8 |
| - првпат во државата воведена метода | 4 |
| - првпат во институцијата воведена метода | 1 |
| Превод | |
| - книга/учебник | 3 |
| - дел од книга | 1 |
| - статија | 0,5 |
| Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри | 0,5 |
| Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик | |
| - книга | 1 |
| - дел од книга | 0,5 |
| - статија | 0,25 |
| Раководител на лабараторија | 1 |
| Менаџер за квалитет во акредитирани институции | 3 |
| Автор на брошура за пациенти (одобрена од асоцијација), во областа на медицинските науки и здравството | 1 |
| Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството | |
| - раководител | 2 |
| - учесник | 1 |
| Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството | 2 |
| Завршена супспецијализација во областа на медицинските науки и здравството | 1 |
| Отворање на нова сеизмолошка станица[10] | 6 |
| Годишен микросеизмички каталот на земјотресите од територијата на РМ | 2 |
| Анализа на сеизмограми, размена на сеизмолошки податоци и изработка на Прелиминарен сеизмолошки билтен | 0,03/ден |
| Собирање и прелиминарна анализа на макросеизмички податоци | 0,3/година |
| Теренско собирање на макросеизмички податоци за случен земјотрес | 0,5/земјотрес |
| Претседател на комисија за изработка на закон | 6 |
| Член во комисија за изработка на закон | 4 |
| Претседател на комисија за изработка на измени и дополнувања на закон; изработка на подзаконски акт | 4 |
| Член во комисија за изработка на измени и дополнувања на закон; изработка на подзаконски акт | 2 |
| Претседател на комисија за кодификација на дел од правна област | 8 |
| Член на комисија за кодификација на дел од правна област | 6 |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| | Поени |
|---|---|
| Уредник на научно/стручно списание | 2 |
| Уредник на меѓународно научно/стручно списание | 3 |
| Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание | 0,5 |
| Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание | 1 |
| Уредник на зборник на трудови на високообразовна и научна институција | 2 |
| Уредник на зборник на трудови на меѓународна високообразовна и научна институција | 3 |
| Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир | 1 |
| Претседател на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | 1 |
| Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | 0,5 |
| Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | 2 |
| Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир | 1 |
| Државна награда за научни постигнувања | |
| - самостоен | 5 |
| - учесник во тим | 2 |
| Награда за научни постигнувања од струкова организација | |
| - самостоен | 3 |
| - учесник во тим | 1 |
| Студиски престој во странство | |
| - до три месеци | 0,5 |
| - до 6 месеци | 1 |
| - повеќе од 6 месеци | 2 |
| Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (FP7, COST, ICGEB, IEAE и сл.) | |
| - претседател | 4 |
| - член | 2 |
| Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект | |
| - носител | 1 |
| - соработник | 0,5 |
| Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект | |
| - носител | 2 |
| - соработник | 1 |
| Ректор[14] | 9 |
| Проректор[14] | 7 |
| Декан/директор[14] | 6 |
| Продекан/заменик директор[14] | 4 |
| Раководител на внатрешна организациона единица[14] | 3 |
| Член на Универзитетскиот сенат[14] | 2 |
| Член на универзитетска комисија[14] | 1 |
| Член на факултетска комисија[14] | 0,5 |
| Член на комисија за избор во звање[14] | 0,2 |
| Координатор на студиска програма[14] | 1 |
| Раководител на постдипломски или докторски студии[14] | 2 |
| Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) | 2 |
| Учество во комисии и тела на државни и други органи | 1 |
| Претседател на Советот за наука на Министерството за образование и наука[14] | 3 |
| Член на Советот за наука на Министерството за образование и наука[14] | 3 |
| Национален координатор за одредена стручна област[14] | 3 |
| Учество во изработка на национална програма од одредена област | 3 |
| Уредник на речник или енциклопедија | 2 |

[14] Поените се однесуваат за еден мандатен период

**СПОРТСКА ДЕЈНОСТ**

| | Поени |
|---|---|
| Тренер на спортски клуб | 1 |
| Тренер (ментор) на студентска репрезентација | 2 |
| Селектор (водич) на студентска репрезентација | 4 |
| Тренер (ментор) на државна репрезентација | 2 |
| Селектор (водич) на државна репрезентација | 4 |
| Претседател на спортско натпреварувачко здружение | 2 |
| Претседател на стручно-организационен одбор за организација на домашен натпревар | 2 |
| Претседател на стручно-организационен одбор за организација на меѓународен натпревар од висок рејтинг | 3 |
| Награди и признанија добиени на државна официјална спортска манифестација | 5 |

**Член 6**

Со денот на влегувањето во сила на овој Анекс престанува да важи Анексот 1 (Универзитетски гласник бр. 138/2009 и бр. 140/2009-исправка).

**Член 7**

Овој Анекс влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

________________________________________________________

(име, татково име и презиме)

**Институција:**

________________________________________________________

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:**

________________________________________________________

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | Вкупно | |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | |
| **Вкупно** | |

**Членови на комисијата**

1. ________________________, претседател
2. ________________________, член
3. ________________________, член
4. ________________________, член